УДК: 159.947.3.019.4

Анета ЈОВКОВСКА

# ВОСПИТУВАЊЕ НА ВОЛЈАТА ОД АСПЕКТ НА ПЕДАГОГИЈАТА, ПСИХОЛОГИЈАТА И ХРИСТИЈАНСКАТА АНТРОПОЛОГИЈА

**Апстракт**

Слободата на волјата кај човекот се состои во тоа дека тој може да избере помеѓу мотивите, оние кои ги смета за најразумни. Релативноста на таа слобода е во тоа што човекот избира едно или друго дејствие, во врска со едни или други конкретни услови, кои не зависат секогаш од него, како и во врска со тоа како е воспитуван и како навикнал да дејствува при појавата на таквата борба. Воспитанието во случајот е од огромно значење – на кој мотив, на која желба или барање човекот ќе даде предност.

Волевото воспитание е воспитание на способноста на човекот меѓу спротивставените мотиви да се ориентира правилно при изборот и да пронаоѓа секогаш сили во себе, сознајно, трезвено и насочено да ги спроведува во дело своите мотивирани намери. Смислата на воспитанието на волјата не се гледа само во насочувањето да се направи правилен избор, туку и да се развие силна волја, така што заземеното решение да може да се спроведе до целосно исполнување.

Во директна врска со ова прашање стојат конкретни задачи на волевото воспитание: надминување на недостатоците на волјата, воспитание на самоконтролата, воспитание на евангелската насоченост и решителност и воспитание на упорноста. Ако овие неколку задачи не се исполнат успешно, втората половина на волевиот акт: спроведување на решението во дело, останува нестабилна.

Во овој труд, најнапред ќе се осврнеме на основните ставови на учењето за волјата на научниците од XIX век – Константин Ушински и Вилијам Џејмс; од XX век – Лав Виготски и Сергеј Рубиншејн, како и на учењето за волјата на преподобниот Максим Исповедник од VII век.

*Клучни зборови:* воспитание, волја, самоконтрола, мотиви, природна волја, гномичка волја.

При развојот на педагошките и психолошките истражувања на волјата може да се воочи одредена законитост. Крајот на XIX век и почетокот на XX век е период кога истражувачите биле интензивно заинтересирани за проучување на волјата. Во тој период, метафизичките услови на човековото битие биле составен дел на психолошките и педагошките истражувања. Такви биле истражувањата на Вилијам Џејмс и Константин Ушински. Но, со почетокот на XX век, кога се случува општа методолошка криза во психологијата, прашањето за волјата се става во втор план. Во тоа време, во науката преовладува ставот дека секоја теориска поставка треба да биде експериментално потврдена и проверена. Во контекст на новата методологија, истражувањето на човековата волја станало проблематично.

Во своите почетоци, психологијата се формирала како наука за душата. Поимот волја, како една од основните одлики на душата, бил важен аспект на научните истражувања. Кога психологијата ги прифатила методите на лабораториското експериментално истражување, се променил самиот контекст на научното истражување на волјата, како една од најважните функции на душата. Незадоволни од ситуацијата на експерименталното истражување на волјата во првите децении на XX век, многу научници биле подготвени да се одречат од самиот поим волја и да го прогласат за ненаучен. Манифестациите на волјата почнале да се опишуваат со помош на бихејвиорални и други феномени, кои било можно да се операционализираат и верифицираат, односно да се набљудуваат, оценуваат и истражуваат на практично-експериментално ниво. Така, на пример, во американската бихејвиорална психологија, наместо поимот волја, почнал да се употребува поимот „стабилно однесување“ како човечка упорност во остварувањето на започнатите бихејвиорални работи и надминувањето на препреките со кои човекот се соочува при тоа. Упорноста е објаснувана со одликите на личноста како што се: стремеж кон целта, трпение, истрајност, издржливост, доследност и сл.[1] Со отфрлањето на метафизичките темели на волјата,

[1] Немов Р. С., *Психология. Учебник для студентов высших педагогических учебных заведений в 3-х кн.*, кн. 1, Москва: Гуманит. Изд. Центр Владос, 2003, 358.

научниците го отфрлиле и самиот поим волја. Предмет на истражување повеќе не била волјата, како една од најважните одлики на човековата душа, туку нејзините манифестации.

Денес, современите психолошки теории се занимаваат со различни аспекти на волјата. Бихејвиоралната психологија проучува начини на кои волјата се манифестира во однесувањето; мотивационата психологија ги истражува конфликтите внатре во личноста и патиштата на нивното надминување; психологијата на личноста ги набљудува и проучува волните одлики на личноста.

Константин Ушински, во својата книга: *Човекот како предмет на воспитание: опит на педагошката антропологија*, анализира различни теории на волјата и доаѓа до заклучок дека ниту една од нив не одговара на прашањето: што е волја?[2] За човековата волја, Ушински пишува: „Никој не помислува дека душата може да биде извор на физичка енергија. Но, не е можно да се сврти погледот пред фактот дека душата со своите свесни и чувствителни делови ја насочува физичката енергија".[3] „Непристрасен психолог треба да признае дека душата е извор на посебни енергии – енергии кои не можат да ја заменат физичката енергија, но сепак можат да ја нарушат нивната рамнотежа во организмот и да управуваат со процесот на нивното создавање".[4] Таа посебна енергија, која не влијае на нешто друго во материјалниот свет освен што го насочува процесот на создавањето на физичките енергии, Ушински ја нарекува волја.[5]

Важно е да се напомене дека Ушински, разликувајќи ги категориите на душевно и духовно во својата педагошка антропологија, волјата ја сврстува помеѓу духовните феномени кои се манифестираат преку душата. Тој вели: „Ние во целост ѝ ја препишуваме волјата на душата, иако во исто време признаваме дека мотивите кои управуваат со неа може да потекнуваат и од телото... Волја ја нарекуваме власта на душата над телото".[6] Во антропологијата на Ушински јасно се зборува за хиерархиската природа на човекот и врската помеѓу сферата на душевното и телесното. Волјата, според Ушински, е потполно изградена

---

[2] Ушинский К. Д., *Педагогические сочинения в 6-ти томах*, том 6, Санкт-Петербург: Издательство „Директ-Медиа", 2001, 216.

[3] *Исто*, 228.

[4] *Исто*, 229.

[5] *Исто*, 231.

[6] Ушинский К. Д., *цит. дело*, 267.

желба и затоа не може да се зборува за формирање на волјата во душата на новороденчето. Ова тврдење се заснова на темелна позиција на неговата педагошка антропологија дека детството е период на исполнување на вродените особини и потреби на душата. Меѓусебното спротивставување на сфаќањата кои го забавуваат формирањето на желбите својствени за душата на возрасен човек, кои современата психологија ги нарекува „борба на мотиви“, Ушински ги смета како причина за тоа што сите желби не се развиваат до степен на волја. За Ушински, волјата е процес својствен на душата на возрасен човек, кој се манифестира преку власта на душата над телото. Авторот на педагошката антропологија тврди дека особините кои ѝ се дадени на душата, а не со неа стекнати, се формираат за време на детството преку искуството.

Христијанската антропологија учи дека на душата на секој човек уште од раѓање ѝ е даден посебен дар на слобода, непосредно поврзан со волјата, која е, исто така, дадена со раѓањето. Детето постепено го усвојува тој дар на слобода, учејќи преку искуството да управува со него. Во православната антропологија слободата на човекот се разбира на два начина: како формална (психолошка) и морална (духовна) слобода. Формалната слобода претставува способност за насочување на својата волја и своето делување кон одредени предмети, бирање на една од неколку можни алтернативи или прифаќање на една или друга стимулација.[7] Таа формална (психолошка) слобода е својствена за човековата душа дури и во адот, додека духовната слобода е можна единствено во Бога, бидејќи единствено Бог е совршено слободен. Поради тоа, патот кон вистинската слобода за човекот е можен единствено преку ослободување од робувањето на гревот. Таквиот пат може да го помине само човек со цврста волја, кој се усовршува и воспитува постојано во животот. Според мислењето на Ушински, уште првото искуство во делувањето влијае на формирањето на особините на детската душа. Може да се претпостави дека и дарот на слободата (најпрво формалната), детето ја усвојува преку искуството додека управува со својата волја.

Во третиот дел од својата педагошка антропологија, Ушински пишува подетално за развојот и воспитувањето на волјата кај детето. Тој смета дека главна цел на воспитувањето е да се потчинат енергиите и способностите на нервниот организам на човековата јасна свесност и

[7] Давыденков Олег, иерей, *Догматическое богословие*, ч. 3, Москва: Свято-Тихоновский Богословский Институт, 1997, 83.

слободна волја.[8] Како конечна цел на воспитувањето тој ја нагласува дејноста која би ја исполнила човековата душа и која би можела да ја исполнува вечно.[9] Која дејност може вечно да ја исполнува човековата душа, на истражувачите после Ушински им преостанува само да погодуваат. Нашата претпоставка гласи дека единствено вечно искуство на душата може да биде живата заедница со Бога.

Вилијам Џејмс во книгата: *Научни основи на психологијата* пишува: „Треба да се истакне фактот дека прашањето за слободната волја е поставена на ниска психолошка основа".[10] Објаснувањето на своето гледиште Џејмс го заснова на нужниот услов за секое научно истражување – мерењето. Авторот смета дека не е можно да се зборува за строга зависност на манифестирањето на волјата од кој било друг параметар на психичката состојба, како што е невозможно да се измери волјата. „Научната психологија не ја негира слободната волја, но таа се занимава со прашања во кои слободната волја не спаѓа", смета Џејмс.[11]

Џејмс истакнува дека во истражувањата на извесен број негови современи психолози не е оставена настрана слободната волја, туку отворено се негира. Неговото мислење е дека „прашањето за слободната волја треба да им се препушти на метафизичарите".[12] Од друга страна, Џејмс го разгледува подетално етичкото значење на феноменот „напор на волјата". „Напорот припаѓа на сосема друг свет. Тој е суштински дел од нас самите, додека сето останато ни се чини дека е надворешно, нешто што само го носиме на себе или во себе. Доколку човековата внатрешна борба има за цел откривање на тоа што нè води во животот, ќе се испостави дека тоа е, всушност, напорот кој го вложуваме. Оној, кој не може да вложи напор е само сенка, а оној кој може да вложи многу напор е херој", смета Џејмс.[13]

Според наведениот цитат, напорот на волјата припаѓа на сосема друг свет и воедно е дел од нас самите. И овде, исто како и кај Ушински, човековата волја, покрај останатото, се набљудува и како духовна карактеристика. Целокупното согледување на Џејмс во врска со напо-

---

[8] Ушинский К. Д., *цит. дело*, 389.

[9] *Исто*, 498.

[10] Джемс У., *Научные основы психологии,* Санкт-Петербург: Санкт-Петербургская электропечатня, 1902, 361.

[11] *Исто*, 362.

[12] *Исто.*

[13] *Исто*, 363.

рот на волјата се сведува на заклучок дека вистинската сила на волјата не се покажува во победувањето и совладувањето на околностите, туку во совладувањето на самиот себе. Заклучокот дека конечната цел на воспитувањето на волјата е човековата умешност да се совлада себеси, може да се примени при воспитување на децата во различна етапа на развој на волјата.

Лав Виготски ја опишува структурата на волјата во поглавјето: „Владеење со своето однесување".[14] Виготски смета дека за да може детето да стекне контрола над своето однесување, најважен е изборот. Тој вели: „Не е без причина тоа што старата психологија, при проучувањето на волевите процеси во изборот ја гледала самата суштина на волевиот чин".[15] Во описот на различните типови на избор кај детето, тој истакнува дека постојат различни принципи според кои детето го остварува изборот: со помош на вниманието, со помош на памтењето и третиот тип на избор е слободен избор, кој е одреден не од надворешноста, туку од внатрешноста, односно, одреден е со волјата на самото дете. Виготски истакнува дека волјата се развива и таа е производ на културниот развој на детето.[16]

Виготски, како и Ушински, смета дека волјата кај човекот се развива преку искуството и дека нејзиното формирање зависи од интеракцијата помеѓу детето и опкружувањето. Традицијата на културно-историскиот метод на психологијата, чии почетоци ги наоѓаме во истражувањата на Вилхелм Вунт, а најдетално е разработен кај Виготски, во потполност се согласува со православното христијанско учење за човекот. Опишувајќи експериментални ситуации на слободниот избор, во кои кај децата се јавува борба помеѓу мотивите, па изборот станува тежок, Виготски помеѓу останатото, пишува: „Кога мотивите се упатуваат кон различни инстанци на личноста на детето, природниот избор се воздржува, па детето својата 'судбина' ја препушта на случајноста".[17] Прифаќањето на детето на слободната одлука на избор, психологот ја споредува со познатата филозофска анегдота за Бури-

---

[14] Выготский Л. С., *История развития высших психических функций – Собрание сочинений в 6-ти томах*, том 6, Москва: Издательство „Педагогика", 1982.

[15] Выготский Л. С., *цит. дело*, 274.

[16] *Исто*, 289.

[17] *Исто*, 276

дановото магаре,[18] која во овој случај е метафора на парализираноста и пасивноста на волјата при рамнотежа на мотивите. „Човековата слобода се состои во тоа што тој мисли, односно ја спознава настанатата ситуација... Човекот во ситуација на Буридановото магаре ја фрла коцката за да излезе од проблематичната ситуација. Животните не се способни за таква работа, во која на експериментално јасен начин се манифестира проблемот на слободната волја“.[19]

Проблемот на слободната волја и слободата на изборот е својствен само на човековата свест и душа. Сепак, неговото сведување на „фрлање на коцката“ не би било оправдано. Сметаме дека покоректно би било да се каже дека борбата помеѓу мотивите често го поттикнува човекот да се сврти кон надворешните извори и во донесувањето на одлуките да се потпре на нешто надвор од себе. Првиот тип манифестирање на волјата Виготски го гледа како борба на мотивите сред слободата на изборот. Вториот тип манифестирање на волјата е поврзан со влијанието на дразбите на волниот апарат. Овој тип се манифестира кога човекот има многу јака дразба за одредена постапка, на која се предава со целото свое битие (на пример, штрајкува со глад или поднесува болка со стиснати заби). Ваквиот тип манифестирање на волјата Виготски го нарекува избор кој е востановен од самиот човек. Разликата помеѓу востановениот и слободниот избор се состои во тоа што во едниот случај испитаникот следи инструкции, а во другиот случај самиот ги создава.[20] Со терминологијата на Виготски можеме да кажеме дека човекот кој својот избор одбива да го довери на случајноста и својата слобода на избор ја користи на друг начин, создава нова инструкција за манифестирање на волјата.

---

[18] Буридановото магаре е илустрација за парадокс во филозофијата во врска со концептот на слободна волја. Тој се однесува на хипотетичка ситуација во која магарето е ставено точно на средина помеѓу два пласта сено, или пласт сено и кофа вода. Со оглед на тоа што парадоксот претпоставува дека магарето ќе го одбере она што е поблиску, тоа наводно умира од глад или од глад и жед, бидејќи не може да донесе разумна одлука кој стог или опција да ја избере. Парадоксот е наречен според францускиот филозоф Жан Буридан (XIV век) и ја сатиризира неговата филозофија на морален детерминизам. (Според https://www.encyclopedia.com/humanities/dictionaries-thesauruses-pictures-and-press-releases/buridans-ass, достапно на 03.12.2020).

[19] Выготский Л. С., *цит. дело*, 278.

[20] *Исто*, 288.

Според Виготски, развојот на повисоките психички функции, вклучително и на волјата, се одвива исклучиво на „емпириска база“. Со тоа, тој води полемика со Вилијам Џејмс, кој смета дека овој проблем е неразрешлив во контекст на научно-детерминистичкиот пристап, па оставил можност за делување на духовната енергија.[21] Виготски смета дека процесот на развој на волјата кај човекот е детерминиран од социо-културните околности и како таков подлежи на истражување. „Пред психолозите генетичари се наоѓа многу важна задача – во развојот на детето да ги пронајдат линиите на созревање на слободната волја. Пред нас е задачата да го опишеме постепеното растење на таа слобода, да го разоткриеме нејзиниот механизам и да го прикажеме како производ на развојот“, смета Виготски.[22] Така формулираната задача, претставена преку постепен развој на слободната волја кај детето, делумно ја решил самиот Виготски со откривање на механизмите на развојните кризи во првата, третата и седмата година.

Сергеј Рубинштејн во книгата: *Основи на ойшшаша йсихолоīија*, пишува: „Човековото волно однесување се формирало преку процесот на работа со цел да се добие одреден производ“.[23] Рубинштејн не зборува за супстанцијално постоење на волјата како таква, ниту пак, волните процеси ги спротивставува на интелектуалните и емоционалните, туку истакнува дека еден ист процес може да биде и интелектуален, и емоционален, и волен. „Кога ги проучуваме волните процеси, ние, всушност, ги проучуваме волните компоненти на психичките процеси“, смета Рубинштејн.[24]

Рубинштејновиот емпириски пристап за прашањето на волјата се состои во опишување на манифестациите на волјата со помош на задоволување на човековите потреби по пат на предметна дејност. Од една страна, постојат нагони кои субјективно ја изразуваат потребата, но не содржат свест за предметите кои би можеле да ги задоволат. Од друга страна, се наоѓаат предмети кои му се потребни на човекот за задоволување на потребите, но му се спротивставуваат. Волниот чин подразбира најпрво воочување на врската помеѓу нив. Субјективниот израз на потребата и нејзиниот одраз во психата, според Рубинштејн,

[21] *Исшо*, 286.

[22] *Исшо*, 290.

[23] Рубинштейн С. Л., *Основы общей психологии в 2-х томах*, том 2, Москва: Издательство „Педагогика“, 1989, 182.

[24] *Исшо*.

треба да биде свесен и предметен – нагонот треба да прерасне во желба. Тоа опредметување е нужна претпоставка на волните активности. Дури кога предметот кон кој нагонот е насочен, е освестен, а објективниот израз на потребата е свесна и предметна желба, човекот почнува да разбира што сака и на нова, свесна основа може да го организира своето делување. Важна претпоставка на волниот чин е преоѓање на предметна форма на свеста.[25]

Волните процеси во описот на Рубинштејн се насочени кон надворешниот план на човековото битие и само делумно се однесуваат на човековиот внатрешен свет. За структурата на волниот акт и борбата на мотивите, Рубинштејн нејасно говори: „Чинот кој самиот по себе е посакуван во одредени околности може да придонесе за непосакувани последици".[26] Претпоставуваме дека со овие зборови тој сака да укаже на очигледната несовршеност на чинот на манифестирање на волјата. Во врска со тоа, во структурата на волниот акт Рубинштејн го воведува поимот самоограничување. Според него, јачината на волјата се состои не само од умешноста во остварувањето на своите желби, туку и во умешноста за потиснување на некои од нив, во потчинување на некои желби на други и сите заедно во потчинување на задачите и целите на човекот. Волјата на повисоките степени не е проста севкупност на желбите, туку нивна организација.

Рубинштејн нагласува дека волјата е чин посредуван од свеста и условен од човековите убедувања. Тој смета дека како предуслови за зрела волја се јавуваат формираниот карактер, погледот на светот и самосвеста. Човекот со зрела волја не им се покорува на сопствените желби, туку владее со нив. Рубинштејн пишува за две различни својства на волјата: умешност во донесување на одлуките (правење на избор) и умешност во остварување на донесените одлуки (упорност). Врз основа на обемниот емпириско-психолошки материјал, тој тврди дека развојот на волјата започнува во раната возраст и поминува долг пат. На секој степен развојот на волјата има свои квалитетни одлики. Самиот карактер на правилата кон кои се потчинува детето и неговиот однос кон нив се разликува во различни етапи на развојот.[27] Сметаме дека овие тврдења би можеле да се земат предвид во контекст на православната антропологија.

[25] *Исто*, 183.

[26] *Исто*, 193.

[27] *Исто*, 206.

Учењето на христијанската антропологија за волјата ја има својата основа во делата на преподобен Максим Исповедник. Тој разликува два типа волја, подеднакво својствени за човековата личност. Првиот тип се однесува на стремежот на човековата природа кон она што ѝ доликува и што ѝ е својствено. Тоа е волјата на човековата природа која преподобен Максим ја нарекува природна волја. Всушност, природната волја тој ја опишува како природна енергија која се стреми кон тоа што одговара на природата – енергија која ги опфаќа сите основни природни својства.[28] Православната антропологија ја разбира структурата на човековата личност во три состојби: пред гревопадот (природна состојба), после гревопадот (неприродна состојба) и во состојба на преображение или обожување (натприродна состојба). Во својата природна состојба, односно во состојба на неизопаченост од гревот, човековата природа се стремела кон доброто, но бидејќи е разумна, носела во себе можност за слободен избор. Гревопадот, кој е последица на човековиот слободен избор на злото наместо на доброто, ја помрачува првобитната состојба. После гревопадот, човековата природа најчесто се стреми кон противприродното, а нејзините желби се потонати во гревот. Сепак, преподобен Максим Исповедник смета дека на човекот му е дадена и друга волја – волја на расудување која е својствена за личноста. Тоа е волја на изборот, личен суд со кој ѝ се суди на природната волја, прифаќајќи ја, отфрлајќи ја или насочувајќи ја кон друга цел, чистејќи ја од гревот и преобразувајќи ја во природна волја.[29]

Вториот тип изразување на волјата преподобен Максим Исповедник го нарекува волја на изборот. Таа не зависи од склоноста на природата, туку претставува можност за слободно донесување одлуки и спаѓа во категорија на личноста. Овој тип волја се нарекува гномичка волја и претставува манифестација на духовното начело во емпирискиот живот. Може да се каже дека гномичка волја е онаа волја која според зборовите на Вилијам Џејмс е дел од сосема друг свет и во исто време дел од нас самите.

Многу коментатори на учењето на преподобен Максим Исповедник за гномичката волја истакнуваат дека нејзиното постоење е условено од гревопадот и несовршенството на човековата личност. Во своите рани дела преподобен Максим пишува дека Христос имал

[28] Лосский В. Н., *Очерк мистического богословия Восточной Церкви. Догматическое богословие,* Москва: Свято-Троицкая Сергиева Лавра, 2013, 275.

[29] Исто, 276.

гномичка човечка волја, но подоцна се одрекува од таквото мислење и вели: „Потешкотијата и противречноста се состои во тоа што ако веруваме дека Христос е овоплотен Логос, од тоа следува дека Он не бил способен да греши. Во исто време веруваме дека во Неговата личност, Бог го искусил сето она што обичниот човек го наведува на грев. Христос се соочил со сите искушенија на човековото постоење и не им се предал.“[30] Поради тоа, во Максимовиот систем, Христос има човечка природна волја, но не и гномичка, бидејќи таа подразбира и неизбежност од гревот.

Слична мисла наоѓаме и во книгата: *Источни отци V–VII век* од Георгиј Флоровски кога вели: „Слободата на изборот не само што не припаѓа на совршенството на слободата, туку напротив, тоа е понижување и изопачување на слободата. Вистинската слобода е неподелена, непоколеблива, целосна насоченост и тежнеење на душата кон Доброто. Изборот воопшто не е нужен услов на слободата. Бог сè прави во совршена слобода, но Он не се колеба, ниту избира... Изборот (поточно одбирањето, како што нагласува преподобен Максим Исповедник), претставува раздвоеност и нејасност, односно непотполност и неутврденост на волјата. Само грешната и немоќната волја се колеба и избира“.[31]

За гномичката волја по учењето на Максим Исповедник пишува и Владимир Лоски во *Догматско богословие*: „На користење на оваа волја за расудување нè обврзува развојот на нашата вистинска слобода. Слободниот избор одговара на состојбата во која нè фрлил гревот. Токму затоа што сме во грев, ние постојано мораме да избираме. Поради тоа, во Христос постојат две природни волји, но не и човечки слободен избор. Во Неговата личност не може да има конфликт помеѓу двете природни волји, затоа што таа Личност не е човечка ипостас, која, бидејќи го вкусила лошиот плод, мора постојано да бира помеѓу доброто и злото. Неговата личност е Божја Ипостас и Неговиот избор е направен еднаш засекогаш - избор на кеноза, избор на безусловна послушност на волјата на Отецот“.[32]

---

[30] Мейендорф И. прот., *Введение в святоотеческое богословие. Конспекты лекий*, Вильнюс – Москва: Весть, 1992, 309.

[31] Флоровский Г., прот., *Восточные отцu V – VIII веков,* Москва: Свято-Троицкая Сергиева Лавра, 1999, 217.

[32] Мейендорф И. прот., *цит. дело*, 276.

Дали можноста за избор претставува дар или казна за човекот? Дури кога ќе одговориме на ова прашање, ќе можеме да зборуваме за патиштата на воспитување на волјата. Доколку слободниот избор му е даден на човекот како дар, неговото користење треба да се развива. Доколку кон слободата на изборот заземеме став како кон причина за казна која следува, тогаш воспитните мерки треба да се насочат така што слободата на волјата да се сведе на минимум. Важно е да се увиди што е причина, а што последица. Во таа смисла, треба уште еднаш да се потпреме на основите на христијанската антропологија.

Бог ја создал човековата личност да биде слободна според својот лик и подобие. Онтолошки својствената слобода за човековата природа подразбира дека човекот има слобода на избор. Човекот е слободен да избира и помеѓу останатото може да го избере и злото. Меѓутоа, изборот на злото не одговара на Божјата замисла и за човекот таквиот избор е неприроден, односно несвојствен за неговата природа. Можеме да кажеме дека изборот на доброто е достоен на човековата личност, како оној кој ѝ овозможува на личноста да живее во полнота, додека изборот на злото ја разорува структурата на човековата личност. Кога човекот во рајот ја наруши Божјата заповед и падна во грев, дојде до изопачување на човековата природа, а слободата на човековата личност, која е неразделен дел од неа, заедно со целата човечка природа се оштетила од прворордниот грев. За сето ова јасно зборува светиот апостол Павле кога вели: „Зашто не го правам доброто, што го сакам, туку го правам злото, што не го сакам“ (Рим.7, 19-23).

Изопаченоста на природата на човековата слобода влијае и на човечкото остварување на слободен избор. Поради тоа, православната антропологија вели дека „секој избор е поврзан со извесни несовршености, незнаење, сомнеж и колебање...“[33] За да го надмине тоа несовршенство, човекот треба да ја истражува и да ја исполнува Божјата волја, која е единствено апсолутно добро. Усогласувањето на човековата волја со Божјата нѐ ослободува од гревот, во што е и почетокот на спасението. Оттука доаѓа и православната пракса за послушание како одрекување од сопствениот избор и потчинување на својата волја на духовниот отец. Овој тип воспитување го објаснува парадоксот на волјата: силата на волјата често се манифестира во способноста за потчинување.

[33] Давыденков Олег, иерей, *цит. дело*, 88.

Меѓутоа, во човековата личност е сочувана од Бога дадената слобода, па човекот секогаш има слобода на избор, додека несовршеноста на изборот е последица на гревопадот. Кога станува збор за стратегијата за воспитување на волјата, детето треба да учи како да ја користи својата слобода (па и слободата на изборот), која се развива постепено. Притоа, треба да се има предвид несовршеноста на слободата на избор кај човекот, која може да се надмине по пат на послушание. Воспитните задачи може да се дефинираат како помош на детето во изборот помеѓу доброто и злото да го одбере доброто, сходно зборовите на апостолот Павле: „Мрзете сѐ што е зло и решително правете добро" (Рим. 12, 9). Многу е важен фактот дека на човекот секогаш му останува правото на избор и дека никој нема право на избор наместо него, бидејќи така не постапува ниту Бог. Љубовта на Бога кон човекот е толку голема што не е способен да го принудува, затоа што нема љубов без почитување. Божјата волја секогаш ќе се покорува на побуните на човечката волја, водејќи ја кон слободно согласување. Таква е Божјата промисла.[34]

Смислата на овие зборови е да укаже на длабочината на човековата слобода, како и на правилниот вектор на педагошкото влијание. Но, во контекст на педагогијата, ненасилството во овие зборови не може да се протолкува еднострано. Самата цел на педагогијата е раководење на детето на кое таквото раководење му е неопходно, бидејќи тоа сѐ уште нема стекнато власт над својот дар на слобода. Детето штотуку учи да управува со својата незацврстена волја и често не е во состојба да направи слободен избор.[35] Освен тоа, важно место во христијанското воспитување зазема проблемот за совладување на човечките (па и детските) склоности кон гревот. Гревот ја нарушува човековата природа, па затоа е потребно и некој вид принуда. За разумна и допустлива мерка на принудата во воспитанието зборува Свети Јован Златоуст, како и многу други христијански писатели. Во контекст на формирање на волјата кај човекот, може да се истакне „слободниот коридор" или подобро кажано „царскиот пат" на воспитување. Ова произлегува од фактот дека сите наведени педагози јасно укажуваат дека волјата кај детето созрева постепено, преку јасно одредени етапи.

---

[34] Лосский В. Н., цит. дело, 244.

[35] Како што е веќе спомнато, во експериментите на Виготски, децата својот избор ѝ го препуштаат на случајноста.

Виготски нѐ упатува како да му се помогне на детето да ја совлада својата слобода. Развојот на слободата највпечатливо се манифестира за време на развојните кризи. Кризите се непосредно поврзани со созревањето на одредени психички функции и благодарение на нив се манифестираат нови одлики на волјата. После секоја криза следува нов „степен на слобода“ условен од развојот на волјата.

Првата развојна криза се јавува при раѓањето на детето. Виготски ја нарекува криза на раѓањето. Тој пишува дека човекот никогаш не е толку близу до смртта како при раѓањето. Раѓањето може да се нарече прв подвиг во животот. Нагло се менуваат сите животни услови: детето преминува од вода во воздух; се менува температурата на опкружувањето; бебето се изложува на дејствувањето на јаките светлосни дразби и на влијанието на атмосферскиот притисок. Сето ова претставува голем стрес за организмот на новороденчето. Многу важно достигнување во овој период е почетокот на индивидуалниот психички живот на новороденчето.[36] Кризата на раѓањето придонесува за созревање на многу психички функции, вклучително и волјата.

Втората развојна криза е кризата во првата година од животот. Виготски истакнува три важни аспекти на оваа криза: исправено одење, развој на говорот и специфични афективни и волни реакции. Појавата на нов тип волни реакции во однесувањето на детето зборува за нов степен на развој на волјата. Сепак волните делувања на детето сѐ уште не се диференцирани. Може да се каже дека детето нема одговорност за интеракциите. Виготски смета дека погрешното воспитување може да биде причина за негативни реакции, како, на пример, хипобулија. Кога на детето нема да му биде исполнета некоја желба или не е разбрано, тоа обично манифестира јак афект, кој се завршува така што детето се тетерави по подот, вришти и одбива да оди.[37] Доколку возрасните грешат во однесувањето со детето, тоа се враќа на понизок степен на развојот, односно одбива да оди и да го користи говорот за разрешување на ситуацијата. Важно е да се има предвид дека на преминот од првата во втората година од животот, во психата на детето се јавува развојна новина условена од совладувањето на предметното опкружување, па предметната активност се формира како водечка активност во раното детство. Првите волни реакции се поврзани со т.н.

[36] Выготский Л. С., *Вопросы детской (возрастной) психологии – Собрание сочинений в 6-ти томах,* том 4, Москва: Издательство „Педагогика“, 1984, 274.

[37] *Исто*, 319.

предметна самоволна замисла. Можат да се наведат многу примери за предметното самоволие, но на сите им е заеднички еден принцип: детето ги испробува формите и методите на интеракција со предметниот свет околу себе. И во оваа ситуација позицијата на возрасните ја одредува границата на дозволеното, односно недозволеното.

Неповолниот исход на кризата во првата година може да биде причина за две спротивставени крајности, кои се подеднакво опасни за психата на детето: анархично предметно однесување или отуѓување од активната предметна дејност, која се манифестира преку комплекс на страв од предметот. Поволниот исход на кризата во првата година на детето му овозможува да стане активен истражувач на предметниот свет околу себе. Се формира предметната активност како водечка активност во раното детство. Развојна новина по однос на волјата е полето на однесување, кое овозможува максимална реализација на предметната активност.

Врз основа на своите експерименти, Курт Левин формирал извесна законитост на однесувањето во раното детство: детето предметот го доживува како привлечен или како одбивен. Кај него нема рамнодушен и непристрасен однос кон предметите кои го опкружуваат.[38] Може да се каже дека раното детство е возраст на тесно поле на однесување, а не на волно однесување. Сепак, детето треба да се запознае со забраните, кои се однесуваат на неможноста да се изврши дејствие кое го привлекува детето во неговата претстава за предметот. При крај на раното детство треба да му се објасни на детето дека после секоја перцепција (запазување) не следува активност.

Раното детство се завршува со кризата во третата година. Според Виготски, суштината на кризата во третата година ја сочинуваат две меѓусебно поврзани тенденции: стремеж кон еманципација или одвојување од возрасните и стремеж кон волева форма на однесувањето наместо афективна. Поголемата самостојност и активност на детето во овој период говори за промени во неговата афективно-волева сфера.

Во претшколската возраст на детето му претстои да совлада мноштво различни аспекти на човековото постоење во светот кој го опкружува. Детето тоа го прави со помош на возрасните. Позицијата на возрасните е одлучувачка за спречување на седумте симптоми на кризата во овој период: негативност, каприциозност, тврдоглавост,

---

[38] *Исто*, 341.

самоволие, протест, непочитување на возрасните и деспотизам. Виготски истакнува дека овие симптоми укажуваат на бунтот на детето против авторитарното воспитување. „Тоа е начин на протест на детето кое се бори за самостојност, откако ќе ги надрасне формите и нормите на грижа кои се развиваат во раното детство“.[39] Во третата година кај детето се формираат основните структури на волјата. Тогаш е многу важна реакцијата на возрасните. Тие можат во потполност да ја прекинат секоја манифестација на волјата кај детето (сè е забрането, не се дозволени никакви престапи и детето е потчинето на волјата на родителите) и со тоа да го лишат од способноста да раководи со сопствената волја. Другата крајност е покорување на родителите на сите барања на детето – аморфност на нивната реакција и недостаток на желба и способност да се спротивстават на самоволието од страна на детето. Најразумен совет во поглед на воспитувањето на слободата и волјата ни дава Свети Теофан Затвореник: „Нека биде детето непослушно, но тогаш, таму и на начин како што му е дозволено. Волјата на родителите треба да ја запечати секоја постапка на детето, но во општи црти“.[40]

Претшколската возраст се завршува со криза во седмата година. Основна новина која ја одликува оваа криза е губење на непосредноста. Претходно, однесувањето на детето било непосреден израз на процеси кои се одигрувале во него: „го зборувам и го правам тоа што го мислам“. Сега мислењето се развива до таа мера што детето е способно да се види себеси „од страна“. Василиј Зењковски пишува дека на оваа возраст се формираат нормите и должностите.[41] Важна психолошка и морална задача на детето е да погледне внатре во себе и да го спореди со тоа „какво треба да биде“. На оваа возраст човекот за првпат се спознава себеси. Развојната новина во поглед на волјата која се јавува во овој период е способноста за споредба на сопственото внатрешно искуство со надворешните морални норми. Внатрешната борба, која се одвива како борба на противречните искуства, станува можна дури во тек на кризата во седмата година. Во врска со тоа, детето почнува да поставува барања кон себе и прави свесни обиди за са-

[39] *Исто*, 372.

[40] Феофан Затворник, святитель, *Путь ко спасению*, Москва: Типография Ефимова, 1899, 31–32.

[41] Зеньковский В. В., *Проблемы воспитания в свете христианской антропологии*, Москва: Свято-Владимирское Братство, 1993, 115.

монабљудување и саморегулација. Однесувањето станува посредувано од одредени правила. Овие психички одлики се показател дека детето е подготвено за свесна исповед како почеток на работа на себе.

За време на школската возраст како водечка дејност се јавува учењето. Детето за првпат се занимава со дејност која го свртува кон самиот себе и има потреба од рефлексија и оценка на „тоа што сум бил“ и „тоа што сум сега“. Важен показател на процесот на учење е промената во духовното искуство. Во контекст на тоа, протоереј Евгениј Шестун смета дека детето кое не научило да го набљудува своето внатрешно битие, не е подготвено за вистинско учење кое го менува и преобразува човекот.[42]

Според Виготски, за време на пубертетот централна новина е кризата на самосвеста. Тогаш доаѓа до нов степен на самосвеста, која се одликува со способност и потреба за спознавање на себеси како личност различна од другите луѓе. Новина во развој на волјата е хиерархијата на мотивите. По тринаесеттата година важна дејност е комуникацијата со врсниците и социјализацијата. Параметрите на оваа дејност зависат од тоа како адолесцентот ја изградил својата хиерархија на вредности и кои приоритети ги избрал. Важен фактор при изборот се воспитните принципи кои преовладуваат. Адолесцентот на оваа возраст ги одредува важните аспекти на самосвеста, што му овозможува да направи хиерархија на мотивите. Доколку не се случи овој процес, хипертрофираната потреба за автономија се одразува во однесувањето и може да биде причина за конфликти со родителите и други авторитети. Прифаќањето на одредени обврски го помага развојот на волјата.

Адолесцентот на седумнаесетгодишна возраст се соочува со предизвикот да ја преземе одговорноста за својот живот. Личноста која во адолесценција направила избор за тоа кој ќе биде и каков ќе биде, влегува во зрелата животна доба. Дури тогаш може да се констатира дека волјата во потполност е зрела: човекот е слободен, разумен и има формирана волја; способен е да се ограничи и да се воздржи во различни ситуации. Оттука, развојната новина на волјата во овој период е самоограничувањето. Трпеливоста и смирението се главни воспитувачи на волјата кај зрелата личност.

---

[42] Шестун Евгений, протоиерей, *Православная педагогика*, Москва: Про-Пресс, 2001, 36.

Волјата и понатаму се формира низ текот на возрасните периоди кои следуваат, но возрасната личност сама го контролира процесот и самата е одговорна за последиците. Парадоксот на волјата е во тоа што силата на волјата се крие во способноста за потчинување, односно критериумот за силна волја е способноста на човекот да владее со себе и со ситуацијата.